# ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за заштита и спасување

ПРЕТСТАВНИК: Звонко Томески
Командант на ТППЕ - Скопје

Предлог-Одлука
за одобрување набавка на едно
специјално противпожарно возило-навално

Скопје, март 2022 година

Предлог

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) Советот на Град Скопје на _____________ седница, одржана на __________ 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување набавка на едно**
**специјално противпожарно возило - навално**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува набавка на едно специјално противпожарно возило-навално.
Техничките карактеристики на специјалното противпожарно возило - навално ќе бидат дефинирани во тендерската документација.

**Член 2**

Средствата за набавка на специјалното противпожарно возило-навално во износ од 10.000.000,00 денари се обезбедени во Буџетот на Град Скопје за 2022 година.

**Член 3**

Специјалното противпожарно возило-навално да се набави согласно одредбите на Законот за јавни набавки.

**Член 4**

Специјалното противпожарно возило-навално да се заведе во евиденцијата за основни средства во Секторот за финансиски прашања.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ”Службен гласник на Град Скопје”.

**Број -_________**
**___.___.2022 година**
**Скопје**

**СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Трајко Славески**

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правен основ за донесување на предложената одлука е членот 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), каде е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје.

Град Скопје има потреба од обезбедување на едно специјално противпожарно возило-навално.

Набавката е наменета за потребите на Територијалната противпожарна едиица на Град Скопје, за обновување на возниот парк со ваков тип на возило и за нормално функционирање на единицата.

За реализација на оваа набавка превидени се средства во износ од 10.000.000.00 денари.

Ваквиот вид на возило е неопходно за секојдневното работење на единицата за доставување на основното средство за гасење на пожари „вода” и истите би биле со минимален капацитет од 4000 литри опремени со стандарден тип на противпожарна опрема за ваков вид на возило со дупла кабина за превоз на минимум 6 пожарникари.

Оваа набавка на основно средство кое се користи во редовното вршење на работните задачи во пожарникарството е неопходно потребна и е согласно Правилникот за правилата за вршење на службата, како и минималните критериуми за сметување, техничка опрема и средства за гасење на пожари со кои треба да располагаат противпожарните единици. („Сл.весник на Република Македонија“ бр. 19/06).

Од горенаведените причини се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе одлуката за одобрување на набавка на едно специјално противпожарно возило-навално.